# Коминике

**Скопје 21.08.2007:** Македонија 2025 е независна, неполитичка организација чии цели се да помогне да се идентификуваат, развијат и промовираат неколку клучни индустрии во Македонија; да ги советува и инспирира претприемачите и да поттикне економски развој во Македонија со што во иднина ќе се создадат цврсти деловни субјекти и организации кои ќе продолжат да генерираат развој и просперитет.

Во изминатите неколку дена делегацијата составена од пет од осумте членови на одборот на организацијата се сретнаа со голем број мотивирани деловни луѓе и претприемачи. Во делегацијата се вклучени Мајк Зафировски, Претседател и извршен директор на NORTEL Networks Inc., г-дин Џон Битов, Претседател и извршен директор на Priszm Canadian Income Fund и Canadian Satellite Radio – XM Canada, Митре Кутановски поранешен извршен директор на American Express и моментално Претседател и извршен директор на Mitre Group, Љупчо Наумовски, заменик претседател и генерален менаџер за Русија на Kinross Gold Corp. И Венко Глигоров, основач и Генерален менаџер на Логин Системи.

После работните средби во Струга, Охрид и Скопје со голем број на македонски претприемачи од целата земја, делегацијата ги анализираше македонскиот претприемачки дух, амбиции и предизвици и процени дека тие не се поразлични од било каде во светот. Членовите на делегацијата беа импресионирани од нивото на посветеност и желба за успех на деловните луѓе со кои се сретнаа.

За време на работилниците во Охрид и Скопје, пред делегацијата беа претставени голем број на различни бизнис планови и идеи. Со цел да се изберат најдобрите идеи и планови делегацијата ги оценуваше презентерите според нивото на подготвеност на презентерот, квалитетот на идеите, практичноста и апликативноста на нивните проекти и потенцијалното враќање на инвестицијата.

Членовите на Македонија 2025 искрено им честитаа на сите пријавени презентери; но сепак ја имаа таа чест да ги одберат петте најдобри од сите пријавени кандидати. Најдобрите пет презентери добија по илјада евра за понатамошна разработка на своите проекти.

Освен финансиската награда ќе продолжиме да ги помагаме со наши совети, да ги искористиме нашите контакти и да ги насочиме во барањето на инвестиции и стратешки партнери насекаде во светот.

Бордот на Македонија 2025 и во останатите презентации препозна квалитет вреден за понатамошно советување и поддршка. Затоа ќе продолжи да контактира директно и со овие презентери со цел успешна реализација на нивните проекти.

Како дел од својот мандат, Македонија 2025 ќе продолжи да ги си искажува своите објективни видувања за напредокот на економските реформи и бизнис климата и пред Претседателот на Р. Македонија, г-дин Бранко Црвенковски и пред Премиерот на Република Македонија, г-дин Никола Груевски и членовите на нивните кабинети.

Во големиот број средби во минатите неколку дена, се направија голем број конструктивни дијалози со Претседателот, Премиерот и голем број од министрите.
Членовите на Бордот пред овие институции го искажаа своето искрено мислење за македонската бизнис заедница со која се сретнаа и беа многу задоволни што информацијата е примена со внимание. На истите средби тие се запознаа и со идните планови на Владата и тоа каде и како Македонија 2025 може да биде од најголема помош во создавање на клима која ќе доведе до поодржлив економски развој и просперитет.